Alzheimer's Australia
Living with dementia

An Australian Government Initiative

# Навремено планирање

ЗА ДЕМЕНЦИЈАТА

Навременото планирање може многу да им олесни на лицето со деменција и на неговото семејство и негуватели при организирањето на финансиските и правните работи на лицето со деменција. Овој лист за помош ги разгледува начините за планирање однапред и ги наведува лицата и организациите што може да помогнат.

Деменцијата на различен начин делува на луѓето. Едно лице може да почне да ја губи способноста да работи со пари или да донесува соодветни деловни одлуки уште во раната фаза, додека друго лице може да ги зачува тие способности многу подолго.

Меѓутоа, порано или подоцна, неговите способности ќе опаднат и лицето со деменција ќе биде неспособно само да донесува одлуки во врска со своите финансиски и правни работи.

## Планирање однапред

Планирањето однапред може да им олесни на семејствата и на негувателите да ги водат работите на лицето со деменција. Тоа исто така може да значи дека лицето со деменција може да учествува во планирањето и да се осигура дека неговите желби се спроведуваат така како што тоа лице би сакало.

Секогаш кога е тоа можно, побарајте совет додека лицето со деменција се уште може да учествува во разговорот и додека е правно способно да потпишува било какви документи.

## Прашања во врска со пари

Ако банковната сметка е на заедничко име, партнерот на лицето со деменција може да продолжи да работи со неа без притоа да биде потребно да се направат било какви промени. Меѓутоа, проблеми може да настанат ако лицето со деменција ја користи сметката на несоодветен начин или ако има сметки само на свое име. За да се избегнат тие тешкотии, лицето со деменција, додека е правно способно за тоа, може да овласти друго лице да работи со сметката. Важно е да се запомни дека овластувањето ќе стане неважечко ако лицето веќе не е правно способно. Ако лицето не сака да се согласи со ваквите промени, можеби ќе помогне ако се посоветувате со менаџерот на банката во врска со можното решение.

### Планирањето однапред значи:

- Да се организираат заеднички потписи на сите финансиски сметки
- Да се разговара за идните финансиски работи со финансиски советник
- Да се уреди како и кога лицето со деменција ќе има пристап до своите финансии.

### Кој може да помогне?

- Менаџерот на банката
- Овластен финансиски советник
- Адвокат
- Австралиското здружение за Алцхајмерова болест

## Трајно овластување за застапување

Во повеќето држави и територии, лицето може да потпише документ наречен трајно овластување за застапување (enduring power of attorney) ако е правно способно во времето на потпишувањето. Трајното овластување за застапување е правен документ што му овозможува на назначеното лице да се грижи за финансиските работи на друго лице ако тоа лице стане неспособно само да се грижи за нив. Многу луѓе имаат направено трајно овластување за застапување без оглед на тоа дали се болни или им е поставена некаква дијагноза.

Исто така може да се направи и обично или општо овластување за застапување, но тоа е важечко само додека лицето е правно способно. Трајното овластување за застапување продолжува да важи се до смртта на лицето, освен ако е отповикано.

Една од користите од трајното овластување за застапување е тоа што му овозможува на лицето со деменција да избере некој што ќе дејствува во негово име во врска со правните и финансиските работи кога тоа веќе нема да биде способно да го прави само.

### Планирањето однапред значи:

- Да се осигура дека лицето со деменција има можност да размисли да направи трајно овластување за застапување, ако веќе нема направено, веднаш откако ќе му биде поставена дијагнозата и додека е се уште способно да го стори тоа

- Да се осигура дека семејството и негувателите исто така имаат направено свои трајни овластувања за застапување за да се обезбеди дека нивните работи ќе бидат добро водени во случај и тие да станат неспособни
- Да се има примерок од овластувањето и да се знае каде се чува тој.

**Кој може да помогне**

- Адвокат
- Правно друштво (Law Society) или правен институт (Law Institute), или Службата за правна помош (Legal Aid)
- Јавниот застапник (Public Advocate) или јавниот старател (Public Guardian)
- Австралиското здружение за Алцхајмерова болест

## Тестаменти

Тестаментот дава напатствија за тоа како да се подели имотот на покојното лице. Тестаментот е правно важечки само ако лицето ги разбира неговите одредби, па затоа, ако лицето со деменција сака да направи тестамент или да го измени постојниот тестамент, многу е важно да го стори тоа додека се уште е способно да потпишува документи.

**Планирањето однапред значи:**

- Да се има најнов тестамент
- Да се знае кој е извршителот на тестаментот и каде се чува тој.

**Кој може да помогне**

- Адвокат
- Правно друштво или правен институт, или Службата за правна помош
- Австралиското здружение за Алцхајмерова болест

## Донесување одлуки за медицинско лекување

Ако ја загубите правната способност да донесувате одлуки во врска со вашето медицинско лекување, некој друг треба да ги донесува тие одлуки наместо вас. Во повеќето држави и територии може да назначите некое лице во кое имате доверба да ги донесува тие одлуки. Ако не сте планирале однапред, законот во сите држави и територии овозможува определен суд да назначи некој да донесува одлуки наместо вас.

Има два вида на алатки што ќе ви помогнат да планирате однапред во врска со одлуките за медицинско лекување:

- Трајно овластување за застапување што ги опфаќа и здравствените работи. Тоа ви овозможува да назначите лице што ќе ве замени во донесувањето на одлуки во врска со лекувањето
- Однапред даден налог (advance directive), односно писмен документ што ги изразува вашите желби во врска со медицинското лекување.

Во некои држави и територии може да се користат други називи, но улогата на документот е речиси секаде иста.

**Планирањето однапред значи:**

- Да се осигура дека лицето со деменција има можност да направи трајно овластување за застапување што ги опфаќа и здравствените работи, или однапред даден налог
- Да се има примерок од документот и да се знае каде се чува тој.

**Кој може да помогне**

- Адвокат
- Правно друштво или правен институт, или Службата за правна помош
- Јавниот застапник или јавниот старател
- Австралиското здружение за Алцхајмерова болест

## Старателство и водење на финансиските работи

Во повеќето држави и територии постои Одбор за старателство (Guardianship Board) или Суд за старателство (Guardianship Tribunal) што може да назначи старател или административно лице за водење на финансиските работи за лицето што веќе не е способно само да донесува одлуки. Ако има некој проблем во врска со управувањето со работите на лицето со деменција, или ако постојат несогласувања во врска со најдобрите интереси на лицето, може ќе треба да се размисли да се поднесе барање за назначување на старател или административно лице за водење на финансиските работи.

Може да се јавите во Австралиското здружение за Алцхајмерова болест за да поразговарате за тоа дали ќе биде потребно да се поднесе барање за назначување на старател или административно лице за водење на финансиските работи, и како да постапите во врска со тоа.

## Натамошни информации

Австралиското здружение за Алцхајмерова болест нуди поддршка, информации, поучување и советување. Јавете се на Националната телефонска линија за помош при деменција на **1800 100 500.**

За натамошни информации и за да видите други листови за помош, посетете го нашето место на интернет на **www.alzheimers.org.au**

Австралиското здружение за Алцхајмерова болест е одговорно за содржината на овој лист за помош.

Овој печатен материјал дава само општ преглед на опфатената тема. Лицата треба да побараат професионален совет во врска со нивниот специфичен случај. Австралиското здружение за Алцхајмерова болест не одговара за ниедна грешка или пропуст во овој печатен материјал.

© Alzheimer's Australia 2005